Архивски знак ______
Рок на чување ______ год.
______ 20 ___ год.
Потпис

# ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-42**
**Датум: 30.05.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
| претседател | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 23.05.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 30.05.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 13.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во објект Нова Македонија | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на субјектот на надзорот | Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (шифра: 94.99) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје |

3) Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ (**во натамошниот текст: СУИН на МК**) за месец мај 2022 година, бр. 57-49/6 од 05.05.2022 г, а во врска со Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на Министерството за култура, бр. 21-3138/1 од 16.03.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: , виш инспектор во СУИН на МК.

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 100.000 денари (од вкупно одобрените 203.000 денари), согласно со Договорот бр. 20-6310/1 од 12.05.2021 година.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019)

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор, а листите се задолжителни при редовен инспекциски надзор, согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не присуствуваа други лица.

| Име и презиме | Телефон | Својство |
|---|---|---|
| | | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1. - По поднесената Пријава бр. УП1 20-3693 од 12.11.2020 г. на годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 г. од областа на музичката и музичко-сценската дејност, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 20-3693/2020 од 23.02.2021 г., прифатен е проектот на Здружението: „Битола слави", а за негова реализација доделени се средства во износ од 203.000 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 20-6310/1 од 12.05.2022 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 203.000 денари и тоа за следните намени: патни трошоци 32.000 денари, хотелски услуги 20.000 денари, изнајмување на сала 10.000 денари и хонорари за уметници кои учествуваат на настанот 141.000 денари.

- Здружението доставило Барање за исплата на средства за реализација на проектот, заведено во МК под бр. 20-6741/1 од 19.05.2021 г. и Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства, за намени по ставки согласно со Договорот со МК

- Со Решение за преведување средства бр. 20-6310/2 од 29.05.2021 г. од страна на МК преведен е прв дел (аванс) од средствата за реализација на проектот во износ од 100.000 денари.

- Културно уметничката манифестација „Битола слави", со одржување на концерт на кој ќе настапат бројни уметници и културно-уметнички друштва од земјава и регионот, годинава требало да се одржи по седми пат, на 14.11.2021 година во големата сала на Центарот за култура во Битола. Меѓутоа, според изјавата на претседателот поради пандемијата со Ковид 19 било одлучено


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

манифестацијата да се откаже заради безбедноста на посетителите и учесниците. Но, за откажувањето на концертот не било известено МК и до почетокот на инспекцискиот надзор не биле вратени во Буџетот авансно преведените средства во износ од 100.000 денари. Според изјавата на претседателот [redacted] направен бил пропуст во врска со недоставувањето на известување до МК, при што од страна на инспекторот беше укажано на обврската на корисникот веднаш да го извести МК за откажување на проектот, или за извршени било какви измени на проектот во текот на неговата реализација.

- Во текот на надзорот, претседателот на Здружението ја отстрани утврдената неправилност, односно изврши враќање во Буџетот на авансно преведените средства од наменската сметка на корисникот, во износ од 100.000 денари, за што беше презентиран вирман од извршената уплата од 26.05.2022 година.

**10.2. Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор констатирано е дека:**

- **Здружението не го реализирало проектот „Битола слави", а според изјавата на претседателот [redacted], така било одлучено поради пандемијата со Ковид 19 и заради безбедноста на посетителите и учесниците во манифестацијата. За откажувањето на концертот не било известено МК и до почетокот на инспекцискиот надзор не биле вратени во Буџетот авансно преведените средства во износ од 100.000 денари. Во текот на надзорот, претседателот на Здружението ја отстрани утврдената неправилност, односно изврши враќање во Буџетот на авансно преведените средства од наменската сметка на корисникот, во износ од 100.000 денари, за што беше презентиран вирман од извршената уплата од 26.05.2022 година. При надзорот, од страна на инспекторот му беше укажано на претседателот на Здружението на обврската веднаш да се извести МК за евентуално откажување на проект, или за извршени било какви измени на проектот во текот на неговата реализација.**

- **Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор е утврдена неправилност во работењето на Здружението, но неправилноста е отстранета во текот на вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот ја запира**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

**постапката согласно со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: претседател | | Печат и потпис на инспекторот за култура: виш инспектор | |
| Датум: | ______.2022 г. | Датум: | 30.05.2022 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk